**20170961907**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 и член 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА КОВАНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 10 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек ковани пари во апоен од 10 денари со ознака на ковање „2017“ и со белези утврдени во Одлуката за основните белези на кованите пари од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07), почнувајќи од 1 август 2017 година.

2. Со пуштањето во оптек на кованите пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Македонија, во важност ќе бидат паралелно и кованите пари во апоен од 10 денари, издадени според Одлуката за основните белези на кованите пари од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07) и пуштени во оптек согласно Одлуката за пуштање во оптек ковани пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/08).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VII-4/2017
27 јули 2017 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.